

# Со автоматска пушка пукано е врз Борис Мутков – Фантом, приведено е едно лице

Макфакс (http://www.makfax.com.mk)

24/12/2019

09:57

👁 3.574

Големина на фонт

a a a

**Синоќа непознати лица пукале кон Борис Мутков, познат под прекарот Фантом, додека се движел со автомобил во скопската населба Бардовци, каде што живее. Кон него, според информациите, било пукано со автоматска пушка.**

Полицијата привела 23 годишно лице во врска со настанот.

„Ноќеска околу 00.00 часот примена е пријава дека на влез во с.Бардовци било пукано кон Б. М. (40), кој се движел со возило “мерцедес”. Б.М. е пренесен во болницата „Систина“ за укажување помош. Во врска со настанот е приведен С.Е. (23). Се преземаат мерки за расчистување на случајот”, велат од МВР.